**Повик за доставување понуди за подготовка на содржини за едукативна веб-страница на теми од областа на заштита на лични податоци**

За потребите на проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“, поддржан од Европската унија, број на договор: 2021/429-271, Фондација Метаморфозис објавува повик за доставување понуди за подготовка на содржини за едукативна веб-страница на теми од областа на заштита на лични податоци.

## 1. За проектот

Проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“ е поддржан од Европската унија, а го спроведува Фондација Метаморфозис во партнерство со Здружение Конект. Целта на проектот е да се зајакнат вештините кај граѓаните и граѓанските организации за справување со предизвиците на дигиталното општество, како и за застапување за зголемена заштита на приватноста и личните податоци, притоа обезбедувајќи им поддршка на државните институции и другите засегнати страни да работат во служба на општеството и заштита на граѓаните. Повеќе информации за проектните активности и очекувани резултати можат да се најдат овде: Metamorphosis » Privacy by Design –Building an inclusive digital ecosystem (EU).

## 2. Предмет на набавка

Во рамки на овој повик, ќе се избере физичко или правно лице кое во периодот мај-јуни 2023 година ќе подготви содржини за едукативна веб-страница на теми од областа на заштита на лични податоци што се развива во рамки на проектот. Поконкретно, треба да бидат доставени следните документи:

1) Одговори на најчесто поставуваните прашања на граѓаните поврзани со заштита на лични податоци. Прашањата (10-15) ќе бидат доставени до избраниот понудувач од страна на Фондација Метаморфозис, а понудувачот ќе биде одговорен за составување на јасни, сеопфатни и точни одговори.
2) 5 тестови со 12-15 прашања чија цел ќе биде утврдување на познавањето на заштита на лични податоци. Тестовите ќе бидат наменети за:
   - Офицери за заштита на лични податоци ( основно и напредно ниво);
   - Општа јавност (основно ниво);
   - Наставници (основно ниво) и
   - Млади лица (основно ниво).
3) Проверка на системот за заштита на лични податоци. Овој модул ќе биде генерално фокусиран на контролори на лични податоци и понатаму ќе се дели на:

• Проверка на законитоста на обработка на лични податоци
• Проверка на законитоста на обработка на посебни категории на лични податоци
• Проверка на политика за приватност
• Проверка на постапка за назначување офицер за заштита на лични податоци
• Проверка на процес на ангажирање обработувач на лични податоци
• Проверка на започнување обработка на лични податоци
• Случаи кога се информира/бара одобрение од Агенцијата за заштита на лични податоци.

Секоја од овие 7 области треба понатаму да се дели на листа за проверка (check-list) од минимум 5 прашања кадешто контролорите ќе можат да обележуваат дали некој критериум е исполнет или не.

Врз основа на дадените одговори од страна на контролорите, треба да се дава и индивидуализирана препорака за унапредување на системот за заштита на лични податоци. Прашањата во овој дел треба да бидат колку што е можно поопшти, односно применливи за поширок круг контролори. Ве молиме земете предвид дека некои од темите погоре се од индикативен карактер и може да бидат преформулирани, но бројот на теми и прашања не би се менувал.

4) Политика за приватност за веб-страницата
5) Политика за колачиња за веб-страницата.

**3. Услови за пријавување**

Право да се пријават на овој повик имаат физички лица, како и правни лица кои работат на теми поврзани со заштита на лични податоци.

**3.1. Услови за пријавување физички лица**

Физичките лица можат да се пријавуваат индивидуално или во група од максимум 3 члена. Членовите на тимот треба да имаат професионално искуство и солидно познавање во следните области:

- Актуелната национална и ЕУ легислатива и практика во областа на заштита на личните податоци (минимум 3-годишно професионално искуство);
- Искуство во спроведување обуки и пренесување на знаењето во областа на заштита на личните податоци ќе биде земено за предност.

**3.2. Услови за пријавување правни лица**

**Лична состојба на понудувачот**

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда (изјавата е дадена во прилог на оваа документација – Прилог 2).

Покрај изјавата, понудувачот заедно со понудата не мора да поднесе документи за докажување на личната состојба. Заради проверка, Комисијата може да побара од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба за проверка на овие критериуми.

**Техничка способност**

Понудувачот треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- Да има ангажирано минимум 1 лице кое ги исполнува условите наведени во точка 3.1. од овој повик.

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за техничка способност со доставување професионална биографија/биографии на лицето/лицата кои ќе бидат задолжени за спроведување на обуките и обезбедување менторска поддршка.

## 4. Рок и начин за пријавување

Понудите можат да се доставуваат електронски, на е-маил адресата: vesna@metamorphosis.org.mk најдоцна **до 24.04.2023 година,** а насловот на пораката треба да биде **„Понуда за подготовка на содржина за веб-страница"**. Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид. Фондација Метаморфозис го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати.

## 5. Елементи на понудата

### 5.1. Физички лица

Понудите доставени од физички лица треба да ги содржат следните елементи:

- Кратка професионални биографија/биографии на кандидатот/сите членови на тимот во кои ќе бидат наведени сите податоци врз основа на кои може да се утврди исполнувањето на критериумите наведени во точка 3.1. од овој повик: професионални ангажмани и нивно времетраење и линкови до публикации од областа на заштита на личните податоци (ако е применливо).
- Образец на финансиска понуда даден како прилог 1.

### 5.2. Правни лица

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на финансиска понуда даден како прилог 1;
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба даден како прилог 2;
- Кратка професионална биографија/биографии од лицето/лицата кои ќе бидат задолжени за подготовка на содржините за веб-страницата во кои ќе бидат наведени сите податоци врз основа на кои може да се утврди исполнувањето на критериумите наведени во точка 3.1. од овој повик: професионални ангажмани и нивно времетраење и линкови до публикации од областа на заштита на личните податоци (ако е применливо).
- Документ за регистрирана дејност или тековна состојба.

## 6. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат детално разгледани и оценувани според следните критериуми:

1. Квалитет на понудата – Познавање на регулативата за заштита на личните податоци, спроведени обуки за заштита на лични податоци и слично – 80 поени
2. Финансиска понуда – 20 поени.

Со кандидатот кој ќе добие најмногу поени по овие критериуми ќе биде склучен договор во кој подетално ќе се утврдат меѓусебните права и обврски.

Проектот е кофинансиран од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

7. **Појаснување на тендерската документација**

Доколку се потребни дополнителни информации во врска со овој повик, можете да се обратите на vesna@metamorphosis.org.mk најдоцна до 19.04.2023 година.

8. **Измена и дополнување на тендерската документација**

Метаморфозис го задржува правото најдоцна 2 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ја објави измената и ќе ги извести потенцијалните понудувачи кои поднеле барање за појаснување.
Во случај на измена на тендерската документација, Метаморфозис може да го продолжи крајниот рок за доставување на понудата по барање ако постојат оправдани причини за тоа и за тоа ќе направи соодветна објава.

9. **Начин и услови за плаќање**

Плаќањето ќе се изврши по финализирање на содржината за веб-страницата, врз основа на фактура и извештај за спроведени активности (доколку биде избрано правно лице) или извештај за спроведени активности (доколку бидат избрани физички лица) и одобрување на извештајот од страна на Метаморфозис.

10. **Известување на понудувачите**

До избраниот најповолен понудувач ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата.